Предмет: **Општи услови и одредби на работење на одделот за камионски транспорт на Kuehne+Nagel**

Ве повикуваме внимателно да ги проверите информациите за Вашата пратка во однос на димензиите, количината, тежината и CBM (кубниот волумен). Доколку забележите отстапување во податоците, навремено информирајте го одговорното лице од Kuehne + Nagel.

Навремено да го известите одговорното лице од Kuehne+Nagel доколку за Вашата пратка е потребно издавање и заверка на документот EUR1 за преференцијално потекло на стоката. Информацијата за EUR1 треба да биде доставена до Kuehne+Nagel пред подигнувањето на стоката, односно пред спроведувањето на извозните царински формалности. Во спротивно, Kuehne+Nagel не презема одговорност за испорака на пратките без потребната потврда.

Подгответе ја навремено целосната потребна документација за спроведување на транспортот и сите царински формалности. Доколку во текот на транспортот Вашата пратка не ги поседува потребните одобренија за увоз/извоз, пратката може да биде задржана во собирниот центар на Kuehne+Nagel сè до приемот на потребните документи, при што ќе настанат дополнителни трошоци за складирање.

Доколку при увозот/извозот на Вашата пратка недостасуваат потребните дозволи или одобренија (EXIM и слично), а поради тоа транспортното возило со пратката или во случај на збирен транспорт сите групажни пратки, не може да ги заврши потребните царински постапки, Kuehne+Nagel го задржува правото да пресмета трошоци за застој на возилото (авто-денови), како и сите други дополнителни трошоци, согласно меѓународните шпедитерски правила на FIATA.

Пратките кои се превезуваат преку Kuehne+Nagel го имаат основното покривање на ризиците со полиси за ЦМР осигурување за кое обештетувањето е лимитирано на износи од 8,33SDR/kg. Во случај да имате потреба од дополнително осигурување на пратката против сите ризици (ICC A), Ве повикуваме да побарате соодветна понуда од одговорното лице на Kuehne+Nagel и соодветно да испратите писмен налог придружен со копија од комерцијалната фактура за стоката што треба да биде осигурена.

Kuehne + Nagel работи согласно меѓународните шпедитерски правила на FIATA, кои може да се најдат на www.fiata.org. Нашата одговорност е ограничена согласно член 8.3.3. на износ од 10.000 SDR.

Со прифаќање на понуда од Kuehne+Nagel или со испраќање на налог за транспорт кон Kuehne+Nagel по автоматизам ги се согласувате и ги потврдувате општите услови на работење на одделот за камионски транспорт на Kuehne+Nagel кои се составен дел на понудите и налозите за транспорт.

Ви благодариме за довербата.

Доверливи информации

За целите на оваа понуда, поимот „доверливи информации“ означува какви било комерцијални или технички информации и податоци што се откриени или објавени од двете страни во врска со предметот на понудата. Без оглед на начинот или медиумот преку кој тие информации или податоци се пренесуваат, соопштуваат или вклучуваат, доколку бидат откриени на трета страна без согласност од другата страна (освен ако тоа не е наложено со закон или од судски или друг надлежен орган), може да биде предмет на побарување за надомест на штета.

Трговска контрола

Клиент е компанија која има деловна соработка со Kuehne+Nagel и се јавува како налогодавец кон Kuehne+Nagel. Клиентот гарантира дека:

Клиентот и неговите сопственици, како и сите страни вклучени во организацијата на пратките и трансакциите на клиентот, вклучително и нивните сопственици, како и трансакциите на клиентот за кои Kuehne+Nagel обезбедува услуги, не подлежат на никакви важечки американски (US), европски (EU) или национални царински, увозни, извозни, трговски контролни или санкциски закони и прописи кои би го забраниле обезбедувањето на таквите услуги.

Клиентот е должен писмено да му ги достави на Kuehne+Nagel сите документи и информации, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: тарифни броеви и класификации на стоки, царински вредности, земја на потекло, класификациски броеви за контрола на извозот, како и сите потребни дозволи, лиценци, овластувања или ослободувања за извоз, реизвоз, транзит или увоз („Податоци на клиентот“), кои се неопходни за Kuehne+Nagel да ги обезбедува услугите во согласност со важечките закони и прописи.

Клиентот гарантира дека Податоците на клиентот се целосни и точни. Клиентот е должен веднаш да го извести Kuehne+Nagel за какви било грешки, несогласувања, неточни изјави или пропусти во Податоците на клиентот поднесени од Kuehne+Nagel во име на клиентот пред царинските органи, други надлежни органи или трети страни. Во такви случаи клиентот ја сноси целокупната одговорност.

Клиентот потврдува дека Kuehne+Nagel не е Извозник на евиденција (Exporter of Record), Увозник на евиденција (Importer of Record), Фискален претставник, Краен примач (Ultimate Consignee) или Краен корисник (End-User), и дека KN не е овластен да потпишува државни формулари во име на овие лица.

Усогласеност

Kuehne+Nagel гарантира дека ќе работи во согласност со сите применливи закони, регулативи и прописи, вклучувајќи, без ограничување, закони и прописи за спречување на корупција.

Во врска со кој било аспект на понудените услуги, Kuehne+Nagel нема директно или индиректно да се вклучи во какво било забрането дејствие поврзано со извршувањето на услугите или на друг начин во име на налогодавачот.

Заштита на лични податоци

Усогласеноста со законите за заштита на податоци и приватност претставува составен дел од деловното работење на Kuehne + Nagel на доверлив и одговорен начин.

Kuehne + Nagel ја обезбедува и штити безбедноста и приватноста на личните податоци на контакт-лицата на нашите клиенти, подизведувачи и добавувачи.

Kuehne+Nagel ги обработува личните податоци во согласност со важечките закони за заштита на личните податоци и безбедност на податоците.

Subject: **General Terms and Conditions of Business of the Kuehne+Nagel Road Logistics Department**

You are kindly requested to carefully verify the information relating to your shipment, in particular its dimensions, quantity, weight and CBM (cubic volume). Should you identify any discrepancy in the information provided, please notify the responsible Kuehne+Nagel contact person without delay.

Please notify the responsible Kuehne+Nagel contact person in due time if the issuance and certification of an EUR.1 Certificate, evidence of the preferential origin of the goods, is required for your shipment. Information concerning the EUR.1 certificate must be provided to Kuehne+Nagel prior to collection of the goods and, in any event, prior to completion of the export customs formalities. Failing this, Kuehne+Nagel shall not accept liability for the shipment being dispatched without the required certificate.

Please ensure that all documentation required for the performance of the transport services and completion of all applicable customs formalities is prepared and made available in due time. If, during transportation, your shipment is not accompanied by the required import/export permits or authorizations, the shipment may be held at the Kuehne+Nagel consolidation center until the required documentation has been received, in which case additional storage charges may be incurred.

If the required permits or authorizations (including EXIM permits or similar approvals) are missing in connection with the import/export of your shipment and, as a consequence, the vehicle carrying the shipment, or, in the case of groupage transport, all consolidated shipments carried on the vehicle, is unable to complete the required customs formalities, Kuehne+Nagel reserves the right to charge vehicle detention/demurrage costs (vehicle waiting days), together with any other additional costs incurred, in accordance with the applicable international FIATA freight forwarding rules.

Shipments transported through Kuehne+Nagel are subject to basic carrier's liability coverage under CMR insurance, with compensation limited to 8.33 SDR per kilogram. Should you require additional all-risks cargo insurance (ICC(A)), please request an appropriate quotation from your responsible Kuehne+Nagel contact person and submit a corresponding written instruction together with a copy of the commercial invoice for the goods to be insured.

Kuehne+Nagel operates in accordance with the international freight forwarding rules of FIATA, which are available at www.fiata.org. Our liability is limited pursuant to Article 8.3.3 to an amount of 10,000 SDR.

By accepting a quotation issued by Kuehne+Nagel or by submitting a transport order to Kuehne+Nagel, you automatically acknowledge, accept and agree to be bound by the General Terms and Conditions of Business of the Kuehne+Nagel Road Logistics Department, which constitute an integral part of the applicable quotations and transport orders.

Thank you for your trust.

Confidential Information

For the purposes of our quotations and services, the term "Confidential Information" shall mean any commercial or technical information and data disclosed or made available by either party in connection with the subject matter of this quotation.

Irrespective of the manner or medium by which such information or data is transmitted, communicated or otherwise incorporated, any disclosure thereof to a third party without the prior consent of the other party, except where such disclosure is required by applicable law or ordered by a court or other competent authority, may give rise to a claim for damages.

Trade Control

For the purposes hereof, the "Customer" means the company maintaining a business relationship with Kuehne+Nagel and acting as the principal instructing Kuehne+Nagel.

The Customer represents and warrants that:

The Customer and its owners, as well as all parties involved in the organization of the Customer's shipments and transactions, including their respective owners, and the Customer transactions in respect of which Kuehne+Nagel provides services, are not subject to any applicable United States (US), European Union (EU), or national customs, import, export, trade control or sanctions laws and regulations that would prohibit Kuehne+Nagel from providing such services.

The Customer shall provide Kuehne+Nagel in writing with all documents and information required for the proper performance of the services, including, without limitation: tariff numbers and commodity classifications, customs values, country of origin, export control classification numbers, and all permits, licenses, authorizations or exemptions required for export, re-export, transit or import (collectively, the "Customer Data"), as may be necessary for Kuehne+Nagel to provide the services in compliance with applicable laws and regulations.

The Customer represents and warrants that the Customer Data is complete and accurate. The Customer shall immediately notify Kuehne+Nagel of any errors, discrepancies, misstatements, inaccuracies or omissions in the Customer Data submitted by Kuehne+Nagel on behalf of the Customer to Customs authorities, other competent authorities or third parties. In such cases, the Customer shall bear full responsibility and liability.

The Customer acknowledges and agrees that Kuehne+Nagel is not acting as the Exporter of Record, Importer of Record, Fiscal Representative, Ultimate Consignee or End-User, and that Kuehne+Nagel is not authorized to execute or sign governmental forms on behalf of any such persons or entities.

Compliance

Kuehne+Nagel represents that it shall perform its activities in compliance with all applicable laws, regulations and statutory requirements, including, without limitation, applicable anti-bribery and anti-corruption laws and regulations.

In connection with any aspect of the services offered, Kuehne+Nagel shall not, directly or indirectly, engage in any prohibited conduct in connection with the performance of the services or otherwise on behalf of the principal.

Personal Data Protection

Compliance with applicable data protection and privacy laws forms an integral part of Kuehne+Nagel's commitment to conducting its business in a trustworthy and responsible manner.

Kuehne+Nagel shall ensure and protect the security, confidentiality and privacy of personal data relating to contact persons of its customers, subcontractors and suppliers.

Kuehne+Nagel processes personal data in accordance with all applicable personal data protection and data security laws and regulations